УДК 39 (063)

**Димитриевски Вања (Скопје, Македонија)**

# СЕМИНАР ЗА МЕНАЏМЕНТ ВО КУЛТУРАТА ЗА ЕТНОЛОЗИ

## (12.11. - 18.11. 2003 година, Самоков, Р. Македонија)

Од 12.11.2003 до 18.11.2003 година, во Самоков, Република Македонија, се одржа Семинар за менаџмент во културата. Семинарот го организираше Македонското студентско етнолошко друштво и беше наменет за студенти и за постипломци по етнологија, дипломирани етнолози и друг стручен кадар од областа на етнологијата/антропологијата и од другите сродни науки. На семинарот беа поканети да учествуваат и претставници на локалната самоуправа на општината Самоков, но поради оправдани причини беа спречени да дојдат. Поддршка за организирање и изведување на семинарот дадоа Фондацијата Институт „Отворено Општество“ - Македонија, „Про-Хелветиа“ Скопје, Заводот за етнологија при Природно-математичкиот факултет - Скопје и проектот „Имам право да знам“.



Семинар за менаџмент во културата, Самоков 2003 година

Целата обуката за менаџмент во културата ја водеше г. Петер Симонич од Одделението за етнологија и културна антропологија при Филозофскиот факултет од Љубљана, Република Словенија, со помош на двајца свои студенти, Катја Крајнц и Бојан Матјашич.

Целта на семинарот беше да се формира и да се обучи ефикасен тим кој ќе може самостојно да планира и да спроведува проекти во рамките на новоформираниот Етнолошки образовен истражувачки центар „Растеш“, Оддел на Македонското студентско етнолошко друштво. Активностите на Центарот „Растеш“ треба да го помогнат напредокот на етнологијата и на антропологијата во Република Македонија и истовремено да помогнат за развој на општината Самоков. Овие активности треба да овозможат активно вклучување на етнологијата/антропологијата во современите општествени текови, да помогнат во процесот на ревитализација на пасивните предели и во процесот на децентрализација на културата.

На Семинарот за менаџмент во културата беа обработувани следните теми:

- Културната антропологија со делумен осврт на Словенија и нејзините искуства во процесот на транзиција;
- Кратка историја на државата и институциите и нивното влијание врз културниот развој;
- Еволуција на граѓанското општество и Француската револуција како историска пресвртница;
- Теорија на истражување: создавање програма: помеѓу меѓународната, националната, регионалната и локалната митологија и нивните визии и меѓусебни релации (клучни прашања, проблеми, менаџмент во маркетингот: од ситуација А до позиција Б). Два основни извора на знаење: Европската и националната политика и маркетинг наспроти локалната/регионалната етнографија;
- Прагматизам: лична ситуација, контекст, можности, привилегии, среќа;
- Истражувачка методологија: транзиции и компоненти на политиката на организација на културата и на менаџментот во културата: релации меѓу времето и просторот, симболика, обред, технологија; значење на поимите заедница/култура, наука и економија, човечки капацитети, природни капацитети = од детерминизам до теорија на системот ;

Помошниците на проф. Петер Симонич направија осврт на „Основите на визуелната антропологија" и "Веб-дизајнот како можност за промоција и маркетинг. Ова претставуваше дополнување со намера да се согледаат колку е можно повеќе можностите за развој на етнологијата/антропологијата, релациите со другите дисциплини и нивниот придонес во современите општествени текови.

Во вториот дел од семинарот, вниманието беше насочено кон планирање и составување предлози за проекти. Беа напишани девет предлог-проекти кои влегоа во двегодишната програма за развој на Етнолошкиот образовен истражувачки центар „Растеш". Целата програма подразбира можности за промоција на природните и на културните вредности на општината Самоков, која е дел од етничкиот предел Порече, соработка со локалното население и со локалната власт и со други парнери заинтересирани за поддршка на развојот на Порече. Како дополнување на процесот на планирање на активностите на Центарот „Растеш" беа дискутирани следните теми:

- Човечки капацитети - мотивација;
- Организациската структура и нејзините законски рамки: претставување на словенечката структура/законодавство и анализа од страна на учесниците на македонската легислатива;
- Раководење со време / Раководење со проект (конструирање - планирање средби - ставање во мрежа - започнување);
- Основи на финансирањето (книги, извештаи, зголемување на фондовите);
- Основи на маркетингот и односите со јавноста;
- Сугестии за обајвување соодветни книги .

Дополнителни активности што беа реализирани во текот на семинарот се теренското истражување, креирање на веб-страница и на логото на Центарот „Растеш" и дефинирање на организациската структура. Теренското истражување беше поврзано со самата цел на семинарот, односно директно насочено кон

заокружување на процесот на планирање. Логото и веб-страницата се наменети за подобра препознатливост на Етнолошкиот образовен истражувачки центар „Растеш“ и за поуспешна промоција и маркетинг. Веб-страницата моментно е поставена на веб-страницата на Заводот за етнологија при Природно-математичкиот факултет-Скопје. Адресата е www.ethnology-dep.org. Дефинирана е посебна организациска структура на Центарот „Растеш“ која треба да овозможи спроведување на планираните програми. Организациската структура ја сочинуваат следните органи: Управен одбор, Извршен одбор, Програмски одбор со следните раководни функции: претседател на Управниот одбор, директор на Извршниот одбор и раководител на Програмскиот одбор. Секој од одборите има и соодветен број членови. Овие органи во моментов дејствуваат во составот на Македонското студентско етнолошко друштво, со намера во иднина да создадат услови за поскоро осамостојување на Центарот „Растеш“ како посебна локална организација која директно ќе соработува со локалното население од општина Самоков, етнички предел Поречe.

Заклучоците од семинарот беа претставени на заедничката средба со жителите на општината Самоков. Присутните изразија огромно задоволство од започнатите иницијативи и се вклучија со сопствени сугестии и желба за соработка.